fcnm

*ADVISORY COMMITTEE ON THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES*

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

ACFC/SR/VI(2025)005
Macedonian language version

# Sixth Report submitted by North Macedonia

## Pursuant to Article 25, paragraph 2 of the Framework Convention for the Protection of National Minorities – received on 28 October 2025

**Шести Извештај на Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа**

Владата на Република Северна Македонија високо ја цени улогата на Советодавниот комитет во подобрувањето на положбата на припадниците на малцинствата во државите членки кои пристапиле кон Конвенцијата. Република Северна Македонија континуирано иницира и реализира сериозни легислативни и други мерки и политики за имплементација на препораките на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа.

**Мерки преземени во насока на подигнување на свеста за резултатите од петтиот мониторинг циклус и за Рамковната конвенција**

Во рамки на петтиот циклус на мониторинг за истакнување е одржувањето на т.н. follow up дијалог во Министерството за надворешни работи со претставник на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за национални малцинства на 22 мај 2023 во Скопје. Состанокот им даде можност на претставници од граѓанскиот сектор кои работат на прашања поврзани со промоција на права на различни етнички заедници, како и на повеќе ресорни институции во Северна Македонија да разговараат со претставник на Советодавниот комитет за мерките за спроведување на главните препораки содржани во Мислењето со посебен акцент на итните препораки.

Документите од петтиот круг на мониторинг (мислењето, коментарите и резолуцијата) беа соодветно презентирани во текот на одржувањето на follow up активностите, како и дисеминирани во повеќе наврати до ресорните институции по нивното усвојување и при подготовка на шестиот национален Извештај.

Собранискиот Комитет за односи меѓу заедниците, на 7 јуни 2023 година со свечена седница во Собранието одбележа 25 години од стапувањето на сила на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа. На седницата свои обраќања имаа и: Претседателот на државата, Претседателот на Собранието и ЕУ Амбасадорот во Северна Македонија.

Од мај 2022 година кога беше усвоено 5-то Мислење на Советодавниот комитет, одржани се 5 Партиципативни форуми на заедниците:

- Спречување и заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност;
- Сесија за верификација на првичните наоди од анализата за функционалноста на Партиципативниот форум;
- Политичко учество на жените во Република Северна Македонија – можности и предизвици;
- Резултати од пописот од 2021 и неговите влијанија врз помалубројните заедници и општествена кохезија;
- Анализа на состојбата со образованието на јазиците на помалубројните заедници;
- Правата на помалубројните заедниците и Националната стратегија за интеркултурализам;

**Преземени мерки во насока на подобрување на имплементацијата на Рамковната конвенција и спроведување на препораките од петтиот циклус**

**<u>Конкретни препораки за итно постапување</u>**

**1. Во однос на првата препорака што се однесува на промовирање на интегрирано општество кое се заснова на почит и доверба меѓу различните заедници, како и спроведување интеркултурен пристап кон образованието:**

И со одлука за изменување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2024 – 2028 од 20 август 2024 како стратешки приоритет е утврдено целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности.

На 29 мај 2025, Агенцијата за остварување на правата на заедниците во соработка со заедничкиот проект на ЕУ и Советот на Европа за борба против омразата и нетолеранцијата во Северна Македонија одржа Партиципативен форум на тема „Улогата на немнозинските

заедници во зајакнувањето на социјалната кохезија" во Скопје. Форумот имаше за цел да послужи како неформална и консултативна платформа што поттикнува соработка, комуникација и доверба меѓу помалку застапените етнички заедници и сродните јавни институции. Форумот понуди простор за отворен дијалог за клучните предизвици со кои се соочуваат овие заедници, собирајќи ги членовите од различни јавни институции, невладини организации што ги претставуваат различните етнички заедници во Северна Македонија, како и претставници од меѓународната заедница. На настанот се обратија: директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците; државен секретар во Министерството за односи меѓу заедниците, национален координатор за интеркултурализам, културен развој и меѓуресорска соработка, и национален координатор за креирање и следење на националните стратегии и политики на немнозинските заедници. Тие ја истакнаа важноста од континуираните напори за зајакнување на социјалната кохезија, интеркултурната соработка и негувањето на мултикултурниот и мултиетничкиот состав во едно разновидно општество. Се дискутираа и новините на Стратегијата за интеркултурализам и социјална кохезија (2024-2026) и беа споделени клучни препораки и ставови за тоа како да се продолжи со нејзино спроведување.

Владата има неколку иницијативи и програми за обезбедување на културно релевантно и адаптирано образование во основното и средното образование според мултикултурниот локален контекст. Начините за постигнување на погоре наведеното се следниве:

•Мултиетничка и инклузивна наставна програма (Наставната програма е структурирана да ја прифати и промовира културната разновидност и толеранција. Програмата вклучува елементи кои ги одразуваат различните етнички и културни групи во земјата, со цел да се поттикне разбирање и почит меѓу учениците од различни средини).

• Обезбедување на настава на различни јазици (Наставата се изведува на јазиците на различните етнички заедници. Ова го поддржува правото на учениците да се образуваат на својот мајчин јазик, како што се албанскиот, турскиот, српскиот, босанскиот).

• Интеркултурно образование (Се спроведуваат проекти за градење на интеркултурен дијалог и заеднички активности меѓу учениците од различни културни и етнички средини. Со посебни одредби во Законот за основно образование и Законот за средно образование, училиштата кои ќе учествуваат во вакви активности добиваат грант за нивната реализација. Со измените на Законот за основно и новиот Закон за средно образование кои се во владина постапка на усвојување износот на грантот се зголемува повеќе од двојно односно од 30.000 мкд по училиште на две просечни плати по училиште)

• Поддршка за наставниците и нивната обука (Министерството односно Бирото за развој на образованието обезбедува обука за наставниците за да им помогне да развијат методи на предавање кои ги почитуваат различните културни вредности и перспективи. Ова вклучува алатки за справување со потенцијални конфликти и за поттикнување на позитивна клима во училиштето).

• Вклучување на заедницата во образовниот процес (Локалните заедници имаат важна улога во образовниот процес. Владата ги охрабрува родителите и претставниците на локалните заедници активно да учествуваат во училиштето и во носење одлуки поврзани со наставата и училишните активности).

• Промовирање на вредностите на толеранција и заедништво (Преку образовниот процес, учениците се поттикнуваат да ги почитуваат различните култури, религии и традиции на своите соученици. Овие вредности се вклучени во сите аспекти на училишниот живот, со цел да се создаде средина која промовира заедништво и соработка).

**2. Органите да ги зголемат напорите за превенирање на кршењето на човековите права на Ромите од страна на полицијата. Понатаму, тие треба да обезбедат ефективност на механизмите за надзор во рамките на Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство и Канцеларијата на Народниот правобранител, како и наводните случаи на полициско недолично однесување да се истражуваат и соодветно се санкционираат.**

Во однос на поранешни наводи за профилирањето на Ромите за излез од територијата на Република Северна Македонија на граничните премини, од страна на Министерството за внатрешни работи при постапување со сите лица децидно се почитува како националното законодавство, така и меѓународните конвенции на кои Република Северна Македонија е договорна страна и кои се облигаторни.

Во членот 8 од Законот за гранична контрола се уредува недискриминирачкото однесување кон било кој поединец припадник на одредена етничка група кој гласи: ,,При извршувањето на граничната контрола, полициските службеници се должни целосно да го почитуваат човековото достоинство. Сите овластувања што ги преземаат полициските службеници во текот на извршувањето на граничната контрола треба да бидат сразмерни со целта заради која се преземаат. Во текот на вршењето на граничната контрола, полициските службеници не смеат да прават дискриминација по однос на полот, расната или етничката припадност, бојата на кожата, возраста, националната припадност, социјалното потекло, верското уверување, неспособноста или сексуалната определба, имотната и општествената положба.

Полициските службеници од граничната полиција согласно годишната програма за обука, континуирано се обучуваат со обука од релевантната тема, а исти обуки годишно се одржуваат и од страна на меѓународните организации.

Во однос на делот кој се однесува на човековите права на Ромите односно криминал и говор од омраза, Министерството за внатрешни работи и неговиот Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС), како организациска единица во Министерството надлежна за испитување на случаи на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во МВР, спроведува контрола за почитување и заштита на човековите права и слободи при преземање на полициски овластувања. Овој оддел организациски е одделен од полицијата и врши контролно-надзорна дејност врз работата на вработените во министерството, па оттаму и контрола врз почитувањето на корпусот на човекови слободи и права. Министерството односно овој Оддел спроведува постапки врз основа на претставки, жалби или поплаки од граѓани, невладини организации, анонимни доставиi, правни лица и други субјекти, по барања што ги доставуваат или презентираат работниците во Министерството, врз основа на податоци, информации и сознанија до кои самостојно доаѓа, како и по наредба на Министерот.

За сите случаи за кои МВР односно ОВККИПС се известени дека има било каква полициска бруталност или дискриминација на граѓани по било кој основ од страна на полициски службеници, вклучително и дискриминација врз основа на припадност на одредено национално малцинство, министерството и овој оддел без исклучок постапува и ги испитува сите наводи во претставките без селективен пристап во работата, со еднаков третман кон сите граѓани без разлика на нивната етничка, верска, полова, сексуална или било кој друг вид на припадност, а по извршените проверки навремено се доставува одговор до подносителот на претставката.

При поднесување на претставките, подносителот нема обврска да наведува податоци сврзани со некоја од наведените припадности, а во службениот материјал се нотира припадност кон одредена маргинализирана заедница доколку подносителот самиот наведува дека истата е основ за незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството.

Табела со податоци на доставени поднесоци за полициска бруталност и дискриминација против припадници на ромската заедница. Со податоци за поднесоци од припадници на други национални малцинства/етничка заедница не се располага, односно подносителите при поднесување на претставките не навеле податоци за припадност на национално малцинство/етничка заедница.

Поднесоци за дискриминаторско однесување од страна на вработени во министерството против припадници на ромската заедница

| | Вкупно поднесоци | основани | делумно основани | неосновани | нема докази |
|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 1 | / | 1 | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | / | / | / | / | / |
| 2022 | 1 | / | / | / | 1 |
| 2023 | 2 | 1 | / | / | 1 |
| **Вкупно** | **4** | **1** | **1** | **/** | **2** |

Во периодот од 2020 до ноември 2023 година во МВР односно ОВККИПС се примени 4 (четири) претставки од подносители кои навеле дека како резултат на нивната припадност кон ромската заедница биле дискриминирани од страна на полициски службеници или други вработени во министерството. МВР односно ОВККИПС ги имаат извршено потребните проверки по што е утврдено дека една претставка е основана (за која против две овластени службени лица е поднесен предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, за која се уште нема исход од постапката), една е делумно основана за која е изречена мерка општо укажување, а за две претставки нема докази.

Поднесоци за полициска бруталност против припадници на ромската заедница

| | Вкупно поднесоци | основани | делумно основани | неосновани | нема докази |
|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 3 | 1 | / | 1 | 1 |
| 2021 | 1 | / | / | / | 1 |
| 2022 | / | / | / | / | / |
| 2023 | 1 | 1 | / | / | / |
| **Вкупно** | **5** | **2** | **/** | **1** | **2** |

Во периодот од 2020 до ноември 2023 година во МВР односно ОВККИПС се примени 5 (пет) претставки – известувања за примена на физичка сила кон припадници на ромската заедница. МВР односно ОВККИПС ги има извршено потребните проверки по што е утврдено дека два поднесоци се основани за што во еден случај против еден полициски службеник е поднесена кривична пријава за кривично дело „малтретирање во вршење на службата“ по член 143 од Кривичниот законик, поднесен е предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, отстранет е од работното место, одземено му е оружјето и упатен е на психолошки и психијатриски преглед. По спроведена дисциплинска постапка изречена му е парична казна. Огласен е за виновен и осуден на казна затвор во траење од една година (Немаме официјални сознанија дали кривичната постапка е правосилно завршена). Во вториот случај МВР односно ОВККИПС поднесе кривична пријава против тројца полициски службеници за кривично дело „малтретирање во вршење на службата“ по член 143 од Кривичен законик, за сите полициски службеници е поднесен предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, отстранети е од работното место, одземено им е оружјето и упатени се на психолошки и психијатриски преглед. Нема исход од поведените постапки. Кај останатите поднесоци еден е неоснован, а за две претставки нема докази.

МВР континуирано презема мерки за следење на состојбата со почитување на човековите слободи и права, заради утврдување на неправилности и давање насоки за нивно отстранување и повикување на одговорност на полициските службеници кои ги злоупотребиле овластувањата и ги прекршиле основните слободи и права на лицата во полициската постапка. За таа цел се вршат редовни контроли во полициските станици, книгата за дневни настани, увид во документацијата за приведени и задржани лица и увид во просториите за задржување.

о рамките на Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија (2021-2026) која заеднички ја спроведуваат Министерството за внатрешни работи и ДЦАФ - Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, изработени се План за интегритет на МВР 2023-2025 и Акционен план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025.

Врз основа на претходно извршена сеопфатна анализа на статистички и аналитички податоци со кои располага односно МВР односно ОВККИПС, како детектирани области од

работењето на МВР изложени на незаконито однесување кои се предмет на опфат на Планот за интегритет утврдени се ризици од прекумерна употреба на сила при примена на полициските овластувања.

Во Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет предвидени се мерки и активности кои надлежните организациски единици ќе ги преземаат во наредните три години со цел намалување или сузбивање на поставениот ризик. Планот за интегритет на работните места во МВР 2023-2025 и Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025 се објавени на веб страната на МВР.

Во рамки на програмата „Промоција на интегритетот и добро управување во земјите од Западен Балкан во текот на 2023 година, МВР и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во соработка со Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралство Норвешка (CIDS), спроведоа четири обуки со по околу 25 слушатели на тема „Употреба на полициска сила“ - со цел размена на искуства и запознавање со основните принципи и норми и некои од најдобрите практики во однос на заштита на интегритетот при употреба на сила.

Во текот на 2023 година, од страна на Собранието беа избрани тројца претставници од граѓански сектор во насока на комплетирање на механизамот за надворешен надзор на полицијата, вклучително и затворската полиција.

**Член 4 –пристап до права – ризик од бездржавјанство**
**Советодавниот комитет силно ги охрабрува властите да ги зајакнат своите напори за решавање на проблемот за бездржавјанство и недостиг на документација кај Ромите и отстранување на административните и техничките бариери во спроведување на соодветната законска регулатива. Властите треба да обезбеди итна регистрација за сите деца родени на територијата без оглед на статусот на документација на родителите**

Направени се законски измени со цел олеснување на лицата без државјанство да стекнат државјанство и да се обезбеди регистрација на раѓање за сите деца родени во земјата, без разлика дали нивните родители се без документи или без државјанство. Постигнат е голем напредок во однос на меѓународната соработка, особено во делот на бездржавјанството, при што се поздравени напорите на земјата за искоренување на бездржавјанството, а особено е истакнат мултидисциплинарниот начин на решавање на проблемот со бездржавјанството и заедничкиот пристап на повеќе институции и невладини организации во успешното надминување на проблемот.

Законот за државјанство е донесен во ноември 1992 година, при што измените и дополнувањата на истиот се донесени во 2004, 2008, 2011, 2016, 2021 и 2022 година. Измените и дополнувањата на него се во согласност со Европската конвенција за државјанство, ратификувана од Парламентот во 2002 година. Во октомври 2019 година е усвоен Законот за ратификација на Конвенцијата за намалување на бездржавјанството од 1961 година. Со измените од 2004 г. на Законот за државјанство се обезбедува правна норма за стекнување државјанство за лица без државјанство или лице со признаен статус на бегалец.

Согласно член 7а од Законот за државјанството ,, државјанство на Република Северна Македонија со природување може да стекне лице без државјанство или со признат статус на бегалец, ако од утврдувањето на без државјанството, односно признавањето на статус на бегалец до поднесувањето на барањето за прием во државјанство, законски и постојано живее на територијата на Република Северна Македонија најмалку шест години, да не бил казнуван во Република Северна Македонија со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во Република Северна Македонија, против него да не се води кривична постапка во Република Северна Македонија и ако ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 1, 3 , 6, 7, 8 и 9 на овој закон.

Согласно член 7 од Законот за изменување и дополнување на Закон за државјанство (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.174/2021 од 30.07.2021 година): „Во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон на државјанин на друга република на поранешната СФРЈ и државјанин на поранешна СФРЈ кои до 8 септември 1991 година, односно до времето на прогласување на независноста на Република Македонија

живееле на територијата на Република Македонија, се стекнува со државјанство на Република Северна Македонија по сила на овој закон, доколку поднесат барање до надлежен орган и кон барањето приложат најмалку еден од следниве документи во оригинал или копија заверена на нотар издаден од орган или правен субјект во Република Северна Македонија во периодот утврден во овој став и тоа:

1) извод од матичната книга на родени; 2) доказ за завршено учебна година (свидетелство, уверение или диплома); 3) доказ за заснован работен однос со М1 / М2 образец; 4) работничка книшка; 5)доказ за платен данок согласно законските регулативи кои во тој период важеле во Република Македонија ,односно доказ за платен: - данок од личен доход на работниците; - данок од личен доход од вршење земјоделска дејност; -данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност; -данок од надоместок од авторски права, патенти и технички унапредувања; -данок на приходи од имот и имотни права; - данок на имот и - данок на наследство и подарок; 6) одлуката на даночниот обврзник од страна на Управата за јавни приходи; 7) доказ за платена сметка за следниве услуги: - електрична енергија, - греење, - вода, -телефонски услуги; 8) патна исправа (пасош) издадена од поранешната СФРЈ или РМ; 9) лична карта издадена од поранешната СФРЈ или РМ; 10) лична карта за странци; 11) здравствена книшка; 12) извештај, потврда, отпусно писмо или друг документ со кој се докажува извршено лекување во јавни здравствени установи во Република Македонија; 13) поседовен или имотен лист на име на барателот; 14) штедна книшка за депонирање на заштеди во банка (правно лице) основана од Република Македонија согласно закон; 15) други докази издадени од надлежни државни органи со кои ќе се потврди постојаното живеалиште на територијата на Република Македонија и 16) свидетелствата кои се издадени од 1991 до 1998 година за лицата родени од 1984 година до 1991 година.“

Согласно евиденцијата на Министерството за внатрешни работи, вкупно 97 лица – припадници на ромска националност се стекнале со државјанство на Република Северна Македонија по основот од членот 7 од Законот за државјанство. Во моментот нема поднесено барање за прием во државјанство на лица од ромска националност со статус бездржавјанство согласно наведениот член 7.

На 04.11.2023 година, УНХЦР на својата веб-страница извести за напредокот во справувањето со бездржавјанството, наведувајќи: Северна Македонија ги измени своите закони за да им овозможи на лицата без државјанство да стекнат државјанство и да обезбеди регистрација на раѓање за сите деца родени во земјата, без разлика дали нивните родители се без документи или без државјанство.

На 21.06.2023 година Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за матичните книги. Во 2023 година беа донесени Законот за изменување и дополнување на Законот за лични карти и Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиште и место на живеење на државјани, со цел оваа категорија на државјани кои ќе се стекнат со статус на државјанин да можат на полесен начин да добијат личен документ.

Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и Министерството за правда го поддржуваа и координираа процесот за системско и трајно решавање на повеќедецениските проблем на приближно 700 лица во најголем дел Роми во Северна Македонија кои беа . Проблемот на овие лица задираше во остварувањето на човековите права затоа што тие беа лишени од пристапот до здравствена и социјална заштита, образование и пристап до правдата. Министерството за социјална политика, демографија и млади продолжува да работи со овие лица во процесот на нивна инклузија во согласност со Стратегијата за Роми 2022-2030 г.

Во 2020 година беше донесен Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени. Законот создаде можност за добивање на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа а заради остварување на правата на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување согласно до дополнителен упис во матичната книга на родените и добивање на прв извод од Матичната книга на родени. И покрај бројните придобивки предвидени во овој закон, сепак одредени недоречености ја отежнуваа реализацијата на вистинската цел на законот.

Во Собранието во организација на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците беше одржана надзорната расправа посветена на примената на законските одредби на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените при што беа одлучено дека треба да се пристапи кон изработка на измени и дополнувања на Законот за матичната евиденција.

Со цел реализација на нашата определба за Република Северна Македонија, без лица неевидентирани во матична книга до крајот на 2023 г. Работната група формирана од Министерот за правда во координација со пратеници од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците изработи Закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција во скратена постапка.

Предлог на Законот за изменување и дополнување на овој закон беше поднесен од група пратеници во Собранието и донесен на 14 јуни 2023 година.

Покрај правните одредби за запишување на околу 700 неевидентирани лица со крајот на 2023 година со овој закон се исполнуваат и меѓународно преземените обврски за граѓанска регистрација и издавање на документи уредени со:

-Конвенцијата за правата на детето,

-Загрепската декларација за пристап до цивилна документација и регистрација во Југоисточна Европа во 2011 година и

-Конвенцијата за намалување на бездржавајнството, ратификувана во 2019 година.

Согласно Конвенцијата за правата на детето со овој закон се гарантира правото на упис во матична книга на родени на секое дете родено на територијата на Република Северна Македонија веднаш а најдоцна 45 дена од денот на раѓањето на детето, независно од државјанството и личниот статус на неговите родители.

Министерството за правда во предвидениот рок ги донесе и подзаконските акти предвидени со овој закон а со кои се пропишува содржината и формата на обрасците врз основа на кои овие лица во постапката пропишана со овој закон им се овозможува на брз и ефикасен начин да добијат извод од матичната книга на родените.

Од донесувањето на овој закон Министерството за правда спроведува редовни координативни состаноци со Управата за водење на матичните книги и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, МВР и невладините организации при што се разгледуваа предизвиците со кои се соочуваат институциите во примената на овој закон.

Согласно податоците од Управата за водење на матичните книги:

Вкупно се постапува за 526 лица за упис во матична книга на родените, согласно последната измена на Законот за матичната евиденција. Од нив, за 409 лица е извршен упис во матична книга на родените од донесување на измената на законот досега. Преостанати лица за постапување заклучно до 31.12.2023 година е вкупно 117 лица.

Во досегашниот период во сите подрачни единици во состав на Управата и на приемниот ден за издавање на изводи од МКР во континуитет се издаваа изводи од матична книга на родените. Дополнително предвидено е да се организира приемен ден за издавање на ИМКР за 30 лица за кои веќе е извршен упис во МКР како и приемни денови за издавање на преостанатите изводи од МКР во согласност со динамиката на вршење на уписи во МКР за преостанатите 156 лица.

**3. Органите да го подобрат пристапот на децата Роми до квалитетно образование преку зајакнување на добрите практики како што се образовните медијатори, стипендиите и образовните додатоци и родителите да бидат информирани за ова. Органите, исто така, треба да го зголемат уписот во предучилишните установи и решително да се осврнат на де факто сегрегираното образование. Понатаму, органите се повикуваат да обезбедат Ромите во пракса да имаат пристап до законски гарантираните бесплатни здравствени услуги, вклучително и до дијагноза, лекување и вакцинација поврзани со Ковид-19. Посебно внимание треба да се посвети на пристапот до услуги и информации за репродуктивното здравје за Ромките. Органите треба да инвестираат повеќе во регрутирање и обука на ромски здравствени медијатори и лекари, особено кај жените.**

Вкупниот број на вклучени деца Роми во детските градинки на национално ниво,

заклучно со месец јуни 2024 година беше 454 деца Роми. Во овој број беа вклучени 260 деца Роми од семејства во социјален ризик кои беа ослободени од плаќање партиципација во детските градинки со одлука од Советот на општините согласно Заклучок на Влада. За учебната 2024-2025 година, планирина да се вклучат 350 деца Роми од семејства во социјален ризик во вкупно 21 општина во јавните детски установи-детски градинки, согласно Заклучок од Владата.

Образовните медијатори ангажирани од МОН, работеа на терен во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение. На 30.8.2023г на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за ангажирање на 40 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми за учебната 2023/2024 година. Завршена е постапката и селектирани се медијаторите. Од страна на основните училишта продолжија да се користат инструментите за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование.

Се со цел поддршка на основното образование на Роми, за учебната 2024/2025 година, Министерството покрај стипендиите, го зголеми и бројот на ангажирани ромски образовани медијатори од 40 на 50, а со тоа се зголеми бројот на општините од 26 на 30 каде што истите дејствуваат и се ангажирани. Јавниот повик за ангажирање на ромски образовани медијатори беше објавен на интернет страната на Министерството на 23 септември 2024 година. На 24 октомври, беа објавени и резултатите за ангажманот на ромските образование медијатори согласно Јавниот повик, а на 8 ноември и официјално ангажираните ромски образовни медијатори потпишаа договори во присуство на министерката за образование и наука. Владата на 180-та седница одржана на 22.8.2023 ја усвои Програмата за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година, со која се зголемени износите на стипендиите за ученици Роми и тоа за прва категорија од 2.200 мкд на 3.000 мкд, за втора категорија од 1.500 мкд на 2.300 мкд, за трета категорија од 1.200 мкд на 1.700 мкд, за четврта категорија од 800 мкд на 1.200 мкд месечно. На 9.10.2023г. објавен е Конкурс за доделување на стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година, со рок на пријавување до 23.10.2023г. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 16.11.2023г. Доделени се вкупно 894 стипендии (212 во прва категорија, 279 во втора категорија, 166 во трета категорија и 237 во четврта категорија).

Поради зголемување на бројот на ученици Роми во средното образование за учебната 2024/2025 година, согласно Конкурсот за упис во јавните средни училишта во Република Северна Македонија, на кој генерално се запишуваат од 580 до 600 ученици Роми, Министерствто за образование и наука го зголеми бројот на стипендии за средношколци Роми за учебната 2024/2025 година споредбено со претходната учебна година од 920 на 1200. Конкурсот за доделување на стипендии на ученици Роми од јавните и приватните средни училишта беше објавен на 23 септември 2024 година. Резултатите по Конкурсот беа објавени на 11.11.2024 година по што учениците потпишаа договори согласно процедурите.

Изготвен е нов предлог Закон за средно образование кој е во владина постапка на усвојување. Во новиот Закон внесена е одредба за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и одредба за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми.

Министерството за образование и наука има имплементирано дополнителни мерки за борба против дискриминацијата на Ромите ученици во средното образование. Еден таков механизам е вклучувањето на специфични критериуми за запишување во јавните средни училишта, кои се наведени во Конкурсот за запишување во јавните средни училишта. Според овие критериуми, на учениците Роми им се доделува право да се запишат во средно училиште со 10% намалување на минималните бодови потребни за запишување. Оваа долгорочна мерка е во сила од 2009 година и има за цел да обезбеди еднакви можности за пристап до средното образование за учениците Роми.

Конкурсот за стипендии за студенти Роми е објавен на 26.10.2023 со рок на пријавување до 12.11.2023г. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 13.12.2023. Доделени се

стипендии на 122 студенти Роми (55 на прва година на студии, нови стипендисти и 67 на повисоките студентски години).

За академската 2024/2025 година. Министерството исто така објави Конкурс за доделување на стипендии за студенти Роми од јавните и приватните високообразовни институции, а како и за сите претходни јавни политики, така и за оваа, МОН обезбеди зголемување на бројот на стипендиите од 135 на 150. Разгледувањето на апликациите на кандидатите е во процес.

Во делот на здравствена заштита, од Министерството за здравство потенцираат дека согласно националната легислатива „Секој граѓанин на Република Северна Македонија има право на здравствена заштита".

Според Законот за здравствената заштита, Законот за јавно здравје, останатата законска регулатива во здравството, превентивните и куративните програми на Министерството за здравство, се обезбедени бесплатни здравствени услуги за сите граѓани, и особено во врска со репродуктивно здравје на сите припаднички на женскиот род во државата, вклучително и жените Ромки. Во оваа смисла согласно Националната годишна програма за јавно здравје, се обезбедени услуги од 10 советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје во Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ).

Според Програмата за рано откривање на малигните неоплазми, жените Ромки имаат можност за бесплатни скрининг прегледи за дојка, грло на матка и колоректален карцином.

Исто така, Институтот за јавно здравје во периодот од 2022 година до денес организира обуки за здравствените работници во врска со трговија со луѓе и помош и поддршка на жртвите кои најчесто се жени и деца.

Во Република Северна Македонија, задолжителната имунизација е законски регулирана со Законот за заштита на населението од заразни болести. Имунизацијата е задолжителна за сите лица до 18-годишна возраст, согласно Календарот за имунизација. Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија, а вакцинацијата се спроведува согласно Програмата континуирано, во текот на целата година и е бесплатна за сите кои подлежат на вакцинација. Услугата вакцинација ја даваат превентивните служби при Здравствените домови и болниците со проширена дејност и не се наплаќа, независно од здравственото осигурување.

Вакцинацијата против КОВИД-19 е воведена во 2021 година, иако не е задолжителна односно се спроведува по епидемиолошки и клинички индикации, е бесплатна за сите граѓани.

Преку Стратешката рамка за подобрување на здравствениот и социјалниот статус на Ромите во Република Северна Македонија се спроведува Проектот за Ромски здравствени медијатори. Со финансиски средства од буџетот на Министерството за здравство ангажирани се 17 Ромски здравствени медијатори со договорни услуги на национално ниво, од кои во 2022 год. во постојан работен однос се вработени 4 ромски здравствени медијатори. Евидентно е зголемувањето на имунизацијата на вакцинирани деца од предшколска и училишна возраст на 95%. Пристапот до примарна здравствена заштита е зголемен кај пациенти Роми.

Во ноември 2022 година во општина Шуто Оризари се отвори современа гинеколошка ординација. Во моментот има 2.215 пациентки кои имаат избран матичен гинеколог. Исто така во 2022 година беше отворен Ковид центар во склоп на Здравствен дом во Шуто Оризари, се со цел да се олесни пристапот за вакцинација на пациенти Роми. Ромски здравствени медијатори на терен споделуваа информации за Ковид центарот. Опфатот на вакцинации и превенција од Ковид беше на задоволително ниво, беа опфатени над стотина пациенти.

**Дополнителни препораки:**

**- Органите да ги обезбедат потребните ресурси за Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител да можат самостојно и ефективно да ги исполнат своите мандати.**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во текот на 2024 година функционира во целосен состав. Покрај Генерален секретар во Комисијата има уште 15 вработени кои се распоредени во 3 сектори на стручната служба. Членовите на комисијата и вработените во стручната служба за јакнење на капацитетите и спроведување на обврските

согласно својот мандат во текот 2023 и 2004 имаат учествувано на 16 обуки и работилници на различни теми и една студиска посета во Австрија. Дополнително, една од целите на проектот „П**роект: ЕУ за владеење на правото 2“** , финасиран во рамки на ИПА III, е зајакнување на капацитетите на тела за човекови права за ефективно спроведување на нивните мандати, во чии рамки се спроведуваат сет на активности со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и на Народниот правобранител.

Исто така проектот „Промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија" во рамки на програмата на Советот на Европа / Европската унија „Horizontal Faclity за Западен Балкан и Турција II“ е насочен кон зајакнување на капацитетите на релевантните институции, односно на Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како и на Министерството за социјална политика демографија и млади.

**- Органите да обезбедат наменско и одржливо финансирање на ниво што ги задоволува културните потреби на лицата кои припаѓаат на националните малцинства и да продолжат со напорите за зајакнување на инклузивниот пристап кон културната политика.**

Во буџетот на Агенцијата за остварување на правата на помалите заедници се обезбедени средства за финансирање на проектни активности на граѓанските здруженија кои работат на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Северна Македонија. Беа обезбедени 2 000000,00 денари за 2022 година и 3 000000,00 милиони денари за 2023 година. Во 2024 година не се реализира активноста поради изборниот процес. Беа подржани 24 проектни активности за тој период.

Министерството за односи меѓу заедниците во координација со управата за афирмација на културата на заедниците во иднина планира одбележување на денови на културата за сите заедници. Министерството за односи меѓу заедниците во 2025 г. ја усвои програмата за одбележување на националниот ден на етничките заедници и од буџетот на Министерството за обезбедени 12 милиони денари и беа доделени по 2 милиони денари на секоја заедница. Министерството за односи меѓу заедниците во интерес на остварување на своите заложби за еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење со цел на унапредување на меѓуетничките односи, финансираше програмски активности на здруженија и фондации и тоа: за 2022 г. беа доделени 15 милиони денари, во 2023 и 2025 г. беа доделени по 20 милиони денари.

**- Органите да се погрижат инцидентите на криминал од омраза и говорот на омраза навремено да се препознаат, евидентираат и ефективно да се истражат и одговорните да бидат изведени пред лицето на правдата. Треба да им се даде сета поддршка на постојните иницијативи против говорот на омраза на интернет, како што се Советот за етика во медиумите и Регистарот на професионални и етички онлајн медиуми.**

Во јуни 2024 г., врз основа на заклучоци од средбата одржана на 20.05.2024 г. со претставници од невладиниот сектор, во рамки на Основното јавно обвинителство Скопје номиниран е еден јавен обвинител задолжен да го следи постапувањето во предмети за кривични дела од омраза и дискриминација. Номинираната обвинителка има за надлежност да го следи постапувањето во предметите и да остварува контакт со пријавителите и со НВОи кои ги претставуваат интересите на лицата кои се јавуваат во својство на оштетени во ваквите предмети.

Во периодот јануари-ноември 2023 година регистрирани се 39 кривични дела со елементи на омраза, а по однос на истите, мерки на кривичен прогон се преземени против 37 сторители.

Според видот, најбројни се следните кривични дела:

-„**Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем** (член 394-г од Кривичниот Законик )„ - регистрирани се 30 кривични дела, а кривично се пријавени 28 сторители;

-„**Загрозување на сигурноста** (член 144 од Кривичниот Законик)“ регистрирани се 5 кривични дела, а кривично се пријавени 4 сторители;

-„**Предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна,**

**верска и друга дискриминаторска основа** (член 319 од Кривичниот Законик)„ – регистрирани се 2 кривични дела, а кривично се пријавени 2 сторители;

-,,**Насилство** (член 386 од Кривичниот Законик) " – регистрирано е 1 кривично дело, а кривично се пријавени 2 сторители;

-,,**Расна и друга дискриминација** (член 417 од Кривичниот Законик) " – регистрирано е 1 кривично дело, а кривично е пријавен 1 сторител.

Од вкупниот број на регистрирани кривични дела, 35 кривични дела се извршени преку информатички систем, додека за останатите 4 случаи се работи за инкриминирани дејствија кои се извршени на јавен простор, од кои 2 се врз основа на националност, а по 1 случај врз основа на етничко потекло и религија или уверување.

Горенаведените кривични дела се извршени поради следните мотиви:

-најголемиот дел од кривичните дела се извршени се врз основа на политичко уверување;

-5 кривични дела се извршени врз основа на национална припадност;

-4 кривични дела се извршени по основ на сексуална ориентација;

-2 кривични дела се извршени врз основа на религија или уверување;

-1 кривично дело е извршено врз основа на ментална и телесна попреченост.

Во однос на справувањето со говорот на омраза, од страна на членките на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и во интернет просторот, изработен е Меморандум со поддршка на ОБСЕ, а усогласен и одобрен од сите членки на Мрежата на почетокот од 2024 г. Овој Меморандум претставува една координирана акција за справување со овој проблем и предвидено е наскоро да биде потпишан од сите инволвирани страни. Советот на етика во медиумите (СЕММ) во соработка со Генералниот секретаријат на Владата ќе биде одговорен за координацијата на неговото спроведување, а предвидени се конкретни чекори за постапување од надлежните институции и останатите инволвирани страни.

Мерки реализирани во периодот од 18 мај 2022 година до крајот на извештајниот период.

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), во програмите на радијата и телевизиите, во тој период нема регистрирано говор на омраза. Регулаторното тело за медиуми има развиена пракса на јавно презентирање на анализираните содржини на програмите и јавно одговарање на пристигнатите претставки, дури и кога тие се неосновани или непотполни. На веб страната на АВМУ се објавуваат претставката, одговорот до подносителот и известувањето до медиумот за поднесената претставка, со неопходната заштита на личните податоци.
- На 20.07.2023 година беше донесен Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) со кој се изврши усогласување со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. Меѓу другото, со измените, во ЗААВМУ беше внесена и забрана за поттикнување на тероризам и се воведоа посебни одредби за платформите за споделување видеа, кои вклучуваат и забрана за говор на омраза, дискриминација и поттикнување на тероризам. Амандманите беа изработени врз основа на препораки дадени во рамки на проектот „ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди", што се спроведуваше во текот на 2023 година.
- Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги забранува програми кои: ја загрозуваат националната безбедност, поттикнуваат насилно уривање на уставниот поредок, повикуваат на воена агресија или оружен конфликт, поттикнуваат или шират дискриминација, нетолеранција или омраза врз основа на 26 забранети дискриминаторски основи (а листата на основи е отворена). Посебните забрани и нивната примена се во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.
- Во текот на 2023/2024 година, во насока на операционализирање на примената на законските измени, беше ажуриран постојниот „Водич за мониторинг на говорот на омраза", кој се применува од 2014 г. Измените во Второто дополнето и изменето издание на Водичот се поврзани со промените во европската регулатива, со Препораката CM/Rec (2022)16 на Советот на Европа за справување со говорот на омраза, со измените на ЗААВМУ, потоа додаден е нов дел за говорот на омраза преку интернет, а Водичот е дополнет и со нови релевантни случаи од судкста пракса на Европскиот суд за човекови права, која Агенцијата и законски е обврзана да

ја следи. Измените и дополнувањата беа направени со поддршка на германски експерти во рамки на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“, финансиран од Европската унија. Агенцијата има воспоставено соработка со Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) и Регистарот на професионални и етички онлајн медиуми и им дава поддршка од нивното основање. СЕММ е активна членка на Мрежата за медиумска писменост, чија работа ја олеснува и координира Агенцијата и во рамките на мрежата обезбедува реализација на некои од нивните активности.

- Агенцијата нема можност да обезбеди континуирана финансиска помош за работата на СЕММ, меѓутоа има доделено финансиска помош, донација за овозможување непречено функционирање на Извршната канцеларија на СЕММ и Комисијата за жалби, во износ од 300.000,00 (триста илјади) денари. Донацијата, со Одлука на Советот на Агенцијата од 26 јуни 2023, следеше по претходно доставено Барање за финансиска помош од СЕММ со цел да се овозможи негово непречено функционирање, како единствено саморегулаторно тело за медиумите во земјата.
- На 12 октомври 2023 г., Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со поддршка на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на ОБСЕ, промовираше Кодекс за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. Носењето на Кодексот беше иницирано од АВМУ, а тој беше создаден во соработка со СЕММ, Здружението на новинарите на Македонија, Институтот за комуникациски студии, Македонскиот институт за медиуми и Фондацијата Метаморфозис. Целта на Кодексот е да послужи како насока за добро однесување на политичките партии, нивните кандидати, независните кандидати, интернет изданијата на радиодифузерите, онлајн медиумите, проверувачите на факти, инфлуенсерите, но и на сите други субјекти кои можат да имаат влијание врз јавноста во функција на кампања за време на изборни процеси или референдуми. Ова е потребно заради обезбедување интегритет на информациите кои се пласираат во онлајн просторот и спречување на ширење дезинформации, како и говор на омраза и дискриминација по која било основа. Принципите и стандардите пропишани во Кодексот се од етичка природа, поради што неговото почитување е на доброволна основа, а кон Кодексот се пристапува со потпишување Пристапница. Тој беше за првпат применет за време на Претседателските и Парламентарните избори во 2024 година, кога се формираше Координативното тело составено од претставници на субјектите кои го создадоа Кодексот, односно од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Здружението на новинари на Македонија, Советот за етика во медиумите на Македонија, Македонски институт за медиуми, Институт за комуникациски студии и Фондацијата „Метаморфозис“. За време на изборните процеси пристигнаа три претставки по кои телото одлучи соодветно на надлежностите на неговите членки. Агенцијата воспостави посебна веб страница www.izborenkodeksonline.mk, наменски изработена во функција на запознавање на јавноста со Кодексот и работата на координативното тело. Страницата е достапна на македонски, албански и на англиски јазик и е прилагодена за лица со сетилна попреченост.
- АВМУ од самиот почеток во 2019 година, е членка на Мрежата за борба против говор на омраза во медиумите и во интернет просторот. Советот за етика во медиумите на Македонија, на крајот на 2023 г., како координатор на Мрежата за борба против говор на омраза во медиумите и во интернет просторот, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше средби на работната група за координиран пристап во справувањето со говорот на омраза во која учествува АВМУ. Работната група на оваа средба работеше на финализирање на текстот на меморандумот за соработка на членките на Мрежата, на појаснување на улогата на одделните институции и невладини организации во нејзиното функционирање, како и на тоа да се договори меѓусебната соработка меѓу членките за ефективно спречување или справување со говорот на омраза во јавната сфера.

Во 2023 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик и нов Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Со измените во Кривичниот законик новинарските екипи ќе добијат зголемена заштита во извршувањето на професионалните обврски. Заштитата ќе биде во согласност со меѓународните и европските стандарди и праксата на Европскиот суд за човекови права, кој во повеќе одлуки истакна дека "позитивна обврска" на државата, врз основа на член 10 од Европската конвенција за човекови права, (за) безбедна средина за уживање на слободата на изразување (Özgür gündem против Турција, 2000 Динк против Турција, 2010) Со овие измени се пропишуваат квалификаторни облици доколку делото е сторено против новинар, за што се пропишани построги казни. Тоа се следниве кривични дела: Убиство, Спречување службено лице во вршење службено дејствие, Загрозување на сигурноста и Присилба.

Законот за гра анска одговорност за навреда и клевета беше донесен во ноември 2022 година. Со ово закон се отстрануваат лоцираните недостатоци во неговата примена по донесуваето во 2010 година кога навредата и клеветата беа декриминализирани и за нив беше пропишана граанска одговорност. Со законот се врши значителното намалувае на максималните износи кои судот може да ги досуди како надоместувае на нематериална штета предизвикана со навреда или клевета од новинар во вршее на новинарска професиа, од уредник или лицето кое го заменува или од правно лице. ЗНМ беше дел од процесот на изработка на овие законски измени и беа прифатени сите нивни предлози.

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со ЗНМ, продолжи да спроведува обуки со новинари и претставници на правосудството во 2021 година, а освен тоа, теми поврзани со слободата на изразување, се дел и од редовниот курикулум за обуки на Академијата, наменети за судии и обвинители.

**- Органите да доделат доволно ресурси за редакциите на јазикот на малцинствата во јавниот радиодифузен сервис. Органите, исто така, треба да обезбедат јавниот радиодифузен сервис постојано да промовира меѓукултурно почитување и разбирање, а со тоа да придонесе за интеграција на општеството. Тие треба да размислат за обезбедување поддршка на печатените или онлајн медиуми за помалкубројните малцинства.**

Генералниот секретаријат на Владата веќе 7 години спроведува **Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми,** во насока на заштита на плурализмот во областа на медиумите. Целта на програмата е да се реализираат активностите за поддршка на печатените медиуми од општ информативен карактер. Оваа програма во март 2024 година се преточи во законско решение, односно се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми. Во рамки на ова законско решение, а со цел за стимулирање на културниот диверзитет, на печатените медиуми коишто се издаваат на македонски јазик им се доделуваат средства во висина од 50% за направените трошоци за печатење и во висина од 50% за направените трошоци за дистрибуција, додека на печатените медиуми кои се издаваат на јазиците на малцинските заедници им се доделуваат средства во висина од 70% за направените трошоци за печатење и во висина од 70% за направените трошоци за дистрибуција.

Во мај 2025 г. стапи на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми, со кој се препознаваат издавачите на онлајн медиуми – интернет портали како медиуми. Овие медиуми можат доброволно да бидат впишани во Регистарот за Издавачи на онлајн медиуми – интернет портали, што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Македонската радиотелевизија, Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија" и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот.

Средствата од ставот 1 се распоредуваат на следниов начин:

-80% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,

-15% за ЈП „Македонска радиодифузија" за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа

5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно ставот 10 од членот 105, средствата се обезбедуваат преку Буџетот на Министерството за дигитална трансформација.

Начинот на финансирање на програмските сервиси и финансиското управување се уредува со Деловник и подзаконски акти донесени од страна на Програмскиот совет на јавниот радиодифузен сервис (член 105 став 11).

Согласно член 110 од Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги, ЈРП Македонската радиотелевизија има обврска да создава програми кои придонесуваат за негување и унапредување на знаењето и разбирањето за културниот идентитет на заедниците, да ги почитува културните и религиозните разлики и да ја поттикнува културата на јавен дијалог, со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници во мултиетничка и мултикултурна средина, како и да ги негува и развива говорните и јазичните стандарди на сите заедници во Република Северна Македонија и на дијалектите кои се говорат во неа.

**- Органите да ја подобрат имплементацијата на Законот за употреба на јазиците преку значително зголемување на нивните инвестиции во обука и регрутирање на преведувачи и толкувачи и континуирано да го оценуваат неговото влијание. Треба да се разјаснат одредбите на законот за јазичните права на помалкубројните национални малцинства.**

Министерството за односи меѓу заедниците од 2021 г. има реализирано 82 вработувања за преведувачи, лектори, редакција и 83 за унапредување на јазиците на заедниците. Агенцијата за примена на јазиците од 2020 до 2024 година организирало обуки за преведувачи и лектори што значи дека во агенцијата за овој период се обучени 250 преведувачи.

Амандманот V од Уставот на Република Северна Македонија ги гарантира јазичните права на граѓаните што го употребуваат јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на државата.

Во согласност со член 19 од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на РМ" 7/19), Агенцијата за примена на јазикот дава поддршка на институциите во остварувањето на обврските од овој закон, вклучувајќи превод и лекторирање на документи; лекторирање на сите акти што се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија; промовира и презема мерки за унапредување на употребата на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија; изготвување на извештаи за информирање на Владата за спроведување на нејзините надлежности; за потребите на Владата да подготвува стручно-аналитички материјали од своја надлежност; дава стручни мислења по материјалите кои се во функција на спроведување и унапредување на употребата на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија; и други работи поврзани со спроведувањето на целите утврдени во овој закон. Законот ја регулира употребата на службените јазици на централно и на локално ниво. Во согласност со извршениот попис на населението за 2021 г., од страна на Државниот завод за статистика, утврдено е дека на локално ниво во следниве општини се зборува друг службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, односно (албански јазик) и тоа:

| | |
|---|---|
| 1.Арачиново | 97,45% |
| 2.Боговиње | 89,39% |
| 3.Брвеница | 54,06% |
| 4.Врапчиште | 76,15% |
| 5.Гостивар | 55,34% |
| 6.Дебар | 54,75% |
| 7.Долнени | 33,84% |
| 8.Желино | 95,80% |
| 9.Јегуновце | 39,15% |
| 10.Кичево | 41,27% |
| 11.Крушево | 29,38% |
| 12.Куманово | 25,99% |
| 13.Липково | 96,65% |
| 14.Сопиште | 25,21% |
| 15.Струга | 50,58% |
| 16.Студеничани | 68,19% |
| 17.Теарце | 83,01% |
| 18.Тетово | 71,32% |
| 19.Чашка | 50,76% |
| 20.Бутел | 37,12% |
| 21.Сарај | 90,07% |
| 22.Чаир | 67,40% |
| 23.Шуто Оризари | 34,32% |
| 24.Гази Баба | 20,03% |
| 25. Град Скопје | 22,85% |

Во периодот од 20 мај до 11 јуни 2024 година, Агенцијата за примена на јазикот организираше обука на 46 административни службеници од 37 институции, меѓу кои и 6 општини, преку искуствата на лингвисти и правници познати од земјава, ангажирани од АПЈ, при што истите имаа можност, во најголем дел, да се запознаат со особините и карактеристиките на албанскиот јазик, споредувајќи ги со другите јазици, при што констатирана е потреба за натамошни активности на тој план.
Агенцијата за примена на јазикот во 2023 година реализира обука за 60 преведувачи и лектори од различни институции поделени во 6 групи, на тој начин помагајќи во подобрување на стручните капацитети за превод и лектура, како и унифицирање на административната терминологија, во соработка со еминентни лингвисти и јазични експерти.
Агенцијата за примена на јазикот во 2022 година реализира обука за 72 преведувачи од 43 јавни институции, со учество на предавачи од Република Северна Македонија, Република Албанија и Република Косово. За време на обуката учесниците имаа прилика да обработат низа проблеми што произлегуваат од употребата на албанскиот јазик во јавната администрација. Тема на обработка беа проблемот со терминологијата и нејзиното унифицирање како потреба, влијанијата на јазиците, лексикографијата, семантиката, синтаксичките влијанија и низа други проблеми.
Во текот на 2021 година, Агенцијата за примена на јазикот реализира двомесечна обука за 65 преведувачи и лектори од 31 јавна институција на тој начин помагајќи во подобрување на стручните капацитети за превод и лектура.
Во 2020 година изготвен е Прирачник за административните службеници за примена на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на РМ“ 7/19), а со цел унапредување на албанскиот јазик во службена употреба. Во истиот се дадени сите обрасци што им се потребни

на административните службеници во административно комуницирање: како се пишува молба, барање, договор, жалба итн, а посебно се дадени објаснувања и за службената употреба на јазикот во правосудството, менаџирањето итн.
Исто така, во рамките на Агенцијата за примена на јазикот од 2021 година функционира електронскиот толковен контекстуален речник VERBIS (www.verbis.gov.mk) во вид на двојазичен описен речник, на македонски и на албански јазик. Во него се лексикографски објаснети најупотребуваните зборовни фондови на двата јазика. Речникот содржи модули од областа на административно-правната, економско-финансиската, здравствената и општата терминологија, меѓутоа функционален е само административно – правниот модул. Модулот од административно-правната област содржи над 10.000 зборови, а се подготвени и зборовни фондови за модулот од здравствената област и од економско-финансиската терминологија, но поради финансиски импликации не се имплементирани.
Агенцијата за примена на јазикот секогаш се стреми и ќе продолжи со активности кон подобрување и усовршување на стручните вештини и капацитети на своите вработени и во тој контекст, во 2022 година, и покрај ограничувањата поради буџетските рестрикции предизвикани од економската и од енергетската криза реализира обуки за јакнење на работните компетенции и вештини на своите вработени заради постигнување на работните цели на ефикасен, економичен и ефективен начин.
Во салата на Парламентарниот институт при Собранието на Република Северна Македонија, во текот на месец јуни беше одржана Обука за симултан превод, распоредена во текот на 7 (седум) дена, на којашто учествуваа вкупно 12 (дванаесет) лица од Агенцијата за примена на јазикот. Реализацијата на Обуката беше поддржана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во согласност со Годишниот акциски план што произлегува од потпишаниот Меморандум за разбирање меѓу Агенцијата за примена на јазикот и Мисијата на ОБСЕ во Скопје за спроведување заеднички активности за периодот 2021-2024 година.
Покрај финансирање на активностите поврзани со реализација на Обуката, Мисијата на ОБСЕ во Скопје обезбеди и потребна експертиза со ангажман на двајца сертифицирани обучувачи и акредитирани толкувачи во ЕУ и во соработка со АПЈ ги координираше потребните активности поврзани со успешното одржување на Обуката.
Обуката опфати серија предавања и практични вежби со цел подобрување на вештините и техниките за симултано толкување на стручниот кадар со којшто располага АПЈ.

**- Органите да ги подобрат условите за настава на и од јазиците на малцинствата. Треба да се намали минималниот број на ученици за отворање на час по јазик на малцинствата, а подигнувањето на свеста и анкетите за барањата да се спроведуваат редовно пред секоја учебна година. Органите да ги разгледаат можностите за поттикнување на познавање на јазиците на малцинствата, особено албанскиот, кај децата од мнозинството.**
Министерството за образование и наука презема напори за реформирање на образовниот систем со цел да ја одрази мултикултурната природа на населението, особено преку Законот за основното образование и Концептот за основно образование, кои имаат за цел да го препознаат различното етничко потекло на учениците. Мултилингвалното образование е дел од оваа рамка, со настава која се одвива на македонски, албански, турски, српски и босански јазик. Специфични јавни политики и мерки, како Ромските образовни медијатори (член 37, Закон за основно образование), исто така поддржуваат образовна инклузија за ромските деца, обезбедувајќи дека содржината е културно релевантна за локалните контексти. Преку изборниот предмет Јазик и култура на етничките заедници, учениците Власи, Бошњаци, Срби, Роми и Турци од 3-то до 9-то одделение во основното образование можат да го изучуваат својот мајчин јазик, култура и да го развиваат чувството на припадност.
Според Концептот за основно образование и наставната програма, учениците можат да го изберат изборниот предмет албански јазик (како немајчин јазик), како и предметот Јазик на заедницата како изборен предмет.
Од учебната 2022/2023 година започнаа да се применуваат новите наставни програми по македонски јазик за учениците од другите заедници за четврто и петто одделение, а од учебната 2023/2024 за учениците од шесто одделение.
Согласно новиот наставен план (во примена од 2021) предвидено е училиштата што се

лоцирани во општини во кои, освен македонскиот, има и втор службен јазик, може, во согласност со родителите, да им понудат на учениците кои ја следат наставата на друг јазик, да го учат и вториот службен јазик преку изборниот предмет Јазик на заедницата од IV до IX одд. како дополнителен наставен предмет.

На 13.6.2023г. донесена е нова наставна програма по предметот Албански јазик (Јазик на заедницата) за IV одделение, со примена од учебната 2023/2024 година.

На 25.10.2023г. донесена е нова наставна програма по предметот Албански јазик (Јазик на заедницата) за V одделение, со примена од учебната 2023/2024 година.

На 1.4.2024г. донесена е нова наставна програма по предметот Албански јазик (Јазик на заедницата) за VI одделение, со примена од учебната 2023/2024 година.

Во тек е изработка на нови наставни програми за седмо, осмо и деветто одделение

По однос на препораката да се намали минималниот број на ученици за отворање на час по јазик на малцинствата, а подигнувањето на свеста и анкетите за барањата да се спроведуваат редовно пред секоја учебна година, истото е предвидено со новата Стратегија за интеркултурализам и социјална кохезија 2024-2026 и во измените на Законот за основното образование во насока на намалување на прагот на ученици во една паралелка за воведување на изборниот предмет за јазикот и културата на заедниците (Ромите, Власите, Турците, Бошњаците и Србите). Имено, по исклучок од ставот (8) член 53, за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, може да се формира и група помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата. Начинот на формирањето на овие групи го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието.

**- Органите, во тесна соработка со претставниците на Ромите, да го зголемат учеството на Ромите на пазарот на трудот преку програми кои се посебно приспособени кон соодветните целни групи, вклучително и Ромките, и да обезбедат дека пандемијата „Ковид-19“ нема несразмерно да влијае на социо-економското учество на Ромите.**

Ромите како една од најранливите категории на лица се вклучени во активните мерки за вработување во рамките на годишните оперативни планови за вработување. За Ромите во рамките на повеќе мерки за вработување, предвидени се повеќе поволности во однос на останатите ранливи групи на невработени лица со цел поголемо вклучување и олеснет пристап на пазарот на трудот. Во изминатите неколку години процентот на застапеност на Роми во мерките за вработување изнесува 5-6%.